Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број:08-331/3
10.05.2024

Постапувајќи по претставката бр. 08–331/1 од 25.03.2024 година, поднесена од [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 07.05.2024 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за извршена дискриминација со архивски број 08–331/1 од 25.03.2024 година, поднесена од [redacted] **поради неуредност.**

### Образложение

На 25.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација заверена под број 08-331/1.

Комисијата при разгледувањето на списите констатира дека претставката не ги содржи задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржи доволно податоци за опис на настанот, не се јасни околностите и фактите врз кои се темели претставката. Заради тоа, на 03.04.2024 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави Барање за доуредување на претставка заверено под број 08-331/2. Со барањето подносителот беше задолжен да ја пополни претставката во насока што ќе ги наведе сите информации и факти врз кои се темели претставката и дејството со кое подносителот смета дека е дискриминиран.

Лицето [redacted] не ја доуреди претставката во законски предвидениот рок, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
07.05.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик претседател,
Лимко Бејзаровски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на Комисијата

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk